3. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-525/26
29.1.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за субвенционирање на Трговското друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори „Енергија Центар“ дооел-Скопје**

Се објавува Одлуката за субвенционирање на Трговското друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори „Енергија Центар“ дооел-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на четвртата седница, одржана на 29.1.2026 година.

Бр. 09-525/29
29.1.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на четвртата седница, одржана на 29.1.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за субвенционирање на Трговското друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори „Енергија Центар“ дооел-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Центар-Скопје одобрува субвенционирање на Трговското друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори „Енергија Центар“ дооел-Скопје, на финансиски средства во износ од 3.000.000,00 денари.

**Член 2**

Средствата за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2026 година, во Програмата за комунални дејности за 2026 година, ставка ГДО-проекти за енергетска ефикасност.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-525/28
29.1.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена и дополна на Одлуката за основање Трговско друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори на Општина Центар-Скопје ЕНЕРГИЈА-ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје**

Се објавува Одлуката за измена и дополна на Одлуката за основање Трговско друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори на Општина Центар-Скопје ЕНЕРГИЈА-ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на четвртата седница, одржана на 29.1.2026 година.

Бр. 09-525/31
29.1.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22, став 13 и член 36 став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 4 од Закон за енергетика („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), а во врска со Одлука за основање Трговско друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори на Општина Центар-Скопје ЕНЕРГИЈА-ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје бр.3/23; бр.5/23; бр.2/24 и бр. 8/24), Советот на Општина Центар-Скопје на четвртата седница, одржана на 29.1.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополна на Одлуката за основање Трговско друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори на Општина Центар-Скопје ЕНЕРГИЈА-ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје**

**Член 1**

Во член 13 став 2 од Одлуката за основање Трговско друштво за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори на Општина Центар-Скопје ЕНЕРГИЈА-ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје бр.3/23; бр.5/23; бр. 2/24; и бр. 8/24) **СЕ ВРШИ ИЗМЕНА** на начин што:
наместо управителот Љупчо Димов дипл. електроинженер се назначува за управител Игор Бимбилоски доктор по технички науки.

Член 13 став 3 од Одлуката се менува со нов став кој гласи: За управителот на Трговското друштво се предвидува месечен паричен надоместок во износ од нето 30.000,00 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-525/30
29.1.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на четвртата седница, одржана на 29.1.2026 година.

Бр. 09-525/33
29.1.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 17 и 17-а став (2) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), а во врска со Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите ("Службен весник на РСМ" бр.213/2024), Советот на Општина Центар-Скопје на четвртата седница одржана на 29.1.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Одлуката ќе ја спроведе Градоначалникот на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Центар-Скопје.

Бр. 08-525/32
29.1.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за формирање на Комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за формирање на Комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на четвртата седница, одржана на 29.1.2026 година.

Бр. 09-525/35
29.1.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), а во врска со член 4 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите ("Службен весник на РСМ" бр. 213/24), Советот на Општина Центар-Скопје на четвртата седница одржана на 29.1.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на Комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Се формира Комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

За претседател, заменик претседател, членови и заменици членови на Комисијата се избираат:

Претседател: Анастасија Гапич

Заменик претседател: Бети Учков

Член: Маја Карчовска

Заменик член: Анета Георгиевска

Член:Дарко Младеновски
(претставник од Јавното претпријатие)

Член: Александар Николов
(претставник од Јавното претпријатие)

## Член 3

(1) Постапката за селекција на кандидати за избор на членови на управниот одбор на јавното претпријатие се состои од две фази и тоа:
- административна селекција и
- интервју.

(2) Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите, утврдени во повикот, проверка на доставените докази и нивно бодување. За кандидатите за кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во повикот или не ги доставиле потребните докази, постапката за селекција завршува.
(3) Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодување на стекнато образование и работно искуство во струката. Административната селекција завршува најдоцна во рок од 10 (десет) дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на повикот.
(4) Комисијата најдоцна 10 (десет) дена од денот на завршувањето на административната селекција спроведува интервју со кандидатите што успешно ја поминале административната селекција.
(5) Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто се објавуваат на веб страницата на основачот на јавното претпријатие.
(6) На интервјуто, преку ситуациони прашања, се проверуваат општите работни компетенции за член на управниот одбор, а преку стручни прашања или практични задачи се проверуваат посебните работни компетенции и се врши нивно бодување.
(7) Комисијата подготвува и до основачот на јавното претпријатие доставува ранг-листа, од најмногу 10 (десет) најдобро рангирани кандидати за членови на управниот одбор најдоцна 10 (десет) дена од денот на завршувањето на интервјуто.

## Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-525/34
29.1.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на четвртата седница, одржана на 29.1.2026 година.

Бр. 09-525/37
29.1.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 26-а, а во врска со член 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д и 17-ѓ од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), а во врска со Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите ("Службен весник на РСМ" бр.213/2024), Советот на Општина Општина Центар-Скопје на четвртата седница одржана на 29.1.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за објавување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Одлуката ќе ја спроведе Градоначалникот на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Центар-Скопје.

Бр. 08-525/36
29.1.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за формирање на Комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за формирање на Комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на четвртата седница, одржана на 29.1.2026 година.

Бр. 09-525/39
29.1.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), а во врска со член 4 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите ("Службен весник на РСМ" бр.213/2024), Советот на Општина Центар-Скопје на четвртата седница одржана на 29.1.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на Комисија за селекција на кандидати, за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

**член 1**

Се формира Комисија за селекција на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

За претседател, заменик претседател, членови и заменици членови на Комисијата се избираат:

Претседател: Анастасија Гапич

Заменик претседател: Бети Учков

Член: Маја Карчовска

Заменик член: Анета Георгиевска

Член:Дарко Младеновски
(претставник од Јавното претпријатие)

Член: Александар Николов
(претставник од Јавното претпријатие)

**Член 3**

(1) Постапката за селекција на кандидати за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на јавното претпријатие се состои од две фази и тоа:
- административна селекција и
- интервју.

(2) Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите, утврдени во повикот, проверка на доставените докази и нивно бодување. За кандидатите за кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во повикот или не ги доставиле потребните докази, постапката за селекција завршува.
(3) Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодување на стекнато образование и работно искуство во струката. Административната селекција завршува најдоцна во рок од 10 (десет) дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на повикот.
(4) Комисијата најдоцна 10 (десет) дена од денот на завршувањето на административната селекција спроведува интервју со кандидатите што успешно ја поминале административната селекција.
(5) Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто се објавуваат на веб страницата на основачот на јавното претпријатие.
(6) На интервјуто, преку ситуациони прашања, се проверуваат општите работни компетенции за член на надзорниот одбор, а преку стручни прашања или практични задачи се проверуваат посебните работни компетенции и се врши нивно бодување.
(7) Комисијата подготвува и до основачот на јавното претпријатие доставува ранг-листа, од најмногу 10 (десет) најдобро рангирани кандидати за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење најдоцна 10 (десет) дена од денот на завршувањето на интервјуто.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Центар-Скопје.

Бр. 08-525/38
29.1.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2026 година**

Се објавува Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на четвртата седница, одржана на 29.1.2026 година.

Бр. 09-525/41
29.1.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16; 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21; 99/22 и 208/24), Советот на Општина Центар-Скопје на четвртата седница, одржана на 29.01.2026 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2026 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2026 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје", а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2026 година.

Бр. 08-525/40
29.1.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници вработени во институциите основани од Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници вработени во институциите основани од Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на четвртата седница, одржана на 29.1.2026 година.

Бр. 09-525/43
29.1.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16; 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19; 14/20; 215/21; 99/22 и 208/24), Советот на Општина Центар-Скопје на четвртата седница, одржана на 29.01.2026 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредноста на бодот за платите**
**на јавните службеници вработени во институциите**
**основани од Општина Центар-Скопје за 2026 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на јавните службеници вработени во институциите основани од Општина Центар Скопје за 2026 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-525/42
29.1.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорите на јавните установи за деца основани од Општина Центар-Скопје за 2026 година**

Се објавува Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорите на јавните
установи за деца основани од Општина Центар-Скопје за 2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на четвртата седница, одржана на 29.1.2026 година.

Бр. 09-525/45
29.1.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 166- з од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. („Службен весник на РМ" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) Советот на Општина Центар на четвртата седница одржана на 29.1.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорите на јавните установи за деца основани од Општина Центар-Скопје за 2026 година**

**Член 1**

Максималниот износ на вредност на бодот за пресметување платите на давателите на јавни услуги и директорите на јавните установи за деца основани од Општина Центар Скопје, за 2026 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-525/44
29.1.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на градежната инспекција**

Се објавува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на градежната инспекција,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на четвртата седница, одржана на 29.1.2026 година.

Бр. 09-525/47
29.1.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 4, 5, 6, 7, 8 и член 9 став 2 алинеја 2 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ“ број 79/09 и „Службен весник на РСМ“ бр. 241/24), Советот на Општина Центар-Скопје на четвртата седница, одржана на ден 29.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода за вршење работи од областа на градежната инспекција**

Член 1

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода, започната по иницијатива на Општина Центар-Скопје, со цел вршење на определени работи од страна на една општина за друга општина, поточно за вршење на работи од областа на градежната инспекција во Општина Центар-Скопје, за работно место овластен градежен инспектор на пола работно време (4 часа) за временски период од 6 (шест) месеци.

Член 2

Средствата неопходни за реализација на меѓуопштинската соработка се обезбедуваат од Буџетот на Општина Центар-Скопје и истите ќе се користат исклучиво за намената утврдена во член 1 на оваа Одлука.

Член 3

За реализација на оваа Одлука и прецизирање на начинот и динамика на соработката, градоначалниците на Општина Центар-Скопје и Општина Кисела Вода, ќе склучат договор, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-525/46
29.1.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАВАЧ
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.